**Потребна документација за регистрација на правни лица увозници на храна од животинско потекло или за промена на условите измени на активностите, просториите или за затварање на постојниот објект**

1. Барање за регистрација на правни лица увозници на храна од животинско потекло/или *(Образец бр. 9 објавен на интернет страница на АХВ [www.fva.gov.mk](http://www.fva.gov.mk));*
2. Пријава за измени на активностите, просториите или за затварање на постојниот објект *(Образец бр. 9 објавен на интернет страница на АХВ [www.fva.gov.mk](http://www.fva.gov.mk));*
   -се пополнува од страна на веќе Регистрираните увозници на храна од животиснко потекло доколку имаат да пријават промена на условите во поглед на активностите, просториите или престанок на работа,
   ( *пр.ново место на истовар, увоз на група на производи кои бараат друг температурен режим од оној за кој се регистрирани, промена во називот или адресата на правното лице но единствениот матичниот број на правното лице не е променет и др.*);
3. Потврда за уплатена административна такса од 50 денари
   (согласно тарифен број 1 од Законот за административни такси);
4. а) Потврда за уплатена висина на надоместок за регистрација на физички и правни лица кои вршат увоз и/или повторен извоз и формата и содржината на евиденцијата за увоз и/или повторен извоз во износ од 1.000 денари и
5. б) Потврда за уплатена висина на надоместок за пријава за промена односно измена на условите во поглед на активностите или просториите **(се однесува на веќе регистрираните увозници на храна од животинско потекло кои пријавуваат промена во регистрацијата)** во износ од 250 денари согласно Одлуката за висина на надоместокот за активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се увезува во Република Македонија и активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна наплата (Сл.Весник на РМ бр.45/14, 164/14 и 55/18),
   (потребните информации во врска со уплатите се објавени на интернет страницата на АХВ www.fva.gov.mk),
6. Документ потврда од регистрирана дејност од надлежен орган со предмет на дејност (*Тековна состојба од Централен регистар на РСМ*);
7. Документ Одобрение или Извод од Регистер од Агенцијата за храна и ветеринарство, или договор за соработка со носител на таков документ за регистрација или одобрување на објектот во однос на производството, преработката и/или складирање на производи; (договор за складирање) **заверен кај нотар**;
8. Опис на објектот со шема на сите работни простории со технички опис на опремата (*овој документ не се доставува во случај на договор за складирање)*
9. Опис на постапката на работење со сите помошни фази;
10. Проценети дневни, годишни и максимални капацитети за увоз производство, преработка и складирање;
11. Опис на процедурата за одржување на хигиената и контрола на штетници,
    (*овој документ не се доставува во случај на договор за складирање)*
12. Опис на процедурата на системот на внатрешна контрола
    (*со опфат на контролата која се спроведува почнувајќи од нарачката на пратката, транспортот, приемот на пратката, опис на предвидената контрола - испитувања кои се вршат за безбедноста на храната, следливоста и евиденцијата која се води).*

*19.03.2019*